(раскази со)

Опашка од конец

Оливера Ќорвезироска

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Оливера Ќорвезироска, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Оливера Ќорвезироска

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

(раскази со)

Опашка од конец

Оливера Ќорвезироска

Избор и поговор:
Владимир Јанковски

Скопје, 2025

ЉУБОВ ОД ХАРТИЈА

МАСАТА, МАЖОТ МИ И ЈАС

Мажот ми и јас ја замоливме, ако сака, ако е расположена и, ако има време, да ни ја нацрта масата. Трпезариската, тркалезната. Ќе ни претставува големо задоволство, дури и повеќе од тоа, да остави таква трага во нашиот дом која, на извесен начин, ќе го зголемува нејзиното присуство придонесувајќи помалку да ни недостасува.

Масата секако беше оштетена и мораше наново да се струже и да се прелакира, така што мигот беше навистина погоден. Ќе ја однесевме кај Киро да ја иструга и додека тој го правеше тоа, ние ќе варосавме дома, ќе потсредевме и, пред да ја вратиме и пред Киро да ја излакира, онака високо сјајно, небаре е нова, ќе ѝ ја однесевме на Светлана да ја нацрта, а потоа нацртана повторно ќе му ја дадевме на Киро за лакирање. На тој начин цртањето ќе биде трајно заштитено и ќе си грее од под лакот, а ние ќе можевме да јадеме, да пиеме кафе на неа и да ја користиме најнормално без никаква грижа дека ќе ја оштетиме сликата. Ако биде слика.

Мажот ми и јас, се разбира, не ѝ го изложивме целосниот план на Светлана веднаш, иако го бевме сковале до најситен детаљ. Само ја прашавме, дали сака, дали е расположена и дали има време да ни ја нацрта масата. Ја замоливме, де, ама, барем мислевме, со голема подготвеност на насмевка за сфаќање доколку нѐ одбие. Дури си проговоривме дека не би требало да ѝ ја носиме целата маса кај нејзините, најарно би било да ѝ го однесеме само горниот дел, плочата, дрвениот круг, всушност, да ги одвртиме ногарките, чуму би ѝ биле тие. Би било преубаво, си помисливме мажот ми и јас, заради големото масло што стои на ѕидот веднаш над масата, а кое бескрајно го сакаме обајцата и постојано го носевме со себе уште од времето кога живеевме под кирија, на масата да доминира жолтата боја. Би се добило прекрасно жолто, сончево катче во нашата пространа дневна соба.

– Може – ни рече Светлана толку обично небаре ја прашуваме сака ли турско кафе без шеќер. – Ама...

– Ама?

– Ама?

– Ама, да не ме брзате... Масата да ми ја однесете кај моите во подрумот и...

– За тоа нема никаков проблем – ѝ влета мажот ми во реченицата, токму кога ми се причини дека сака да докаже уште нешто. – Само немој да бараш да ти ја однесеме во ателјето во Љубљана.

– За што нема проблем? – рече таа весело и се насмеа. – За да не ме брзате или за да ја однесете масата кај моите...

– За сè, Светлана, за сè...

– Ама и да не барате да гледате додека работам.

Последново некако ни се виде чудно, но го голтнавме одеднаш како што се голта колаче што не ти се допаѓа, но мораш да го лапнеш за да не ги навредиш домаќините и рековме „важи“.

Токму тоа „важи“ нè чинеше повеќе отколку што бевме подготвени да платиме за него барем на почетокот. Технички, сè се одвиваше беспрекорно: Киро, подрумот кај нејзините, ногарките, боите... Светлана беше цело лето на гости кај нејзините и воопшто не ни текнуваше дека постои можност да замине за Љубљана пред да ни ја нацрта масата. Се случи токму тоа, но не дека таа го прекина својот престој во Македонија, туку дека летото заврши, дојде есен и мораше да си замине.

Додека ја испраќавме на аеродромот, никој не ја спомна масата. Веројатно Светлана очекуваше тоа да го сториме ние, ние, пак, очекувавме таа да го отвори тоа прашање, зашто, на крајот од краиштата, последната вечера, заедно со мажот ми, мене и нашите деца, ја јадеше на малото масиче во дневната соба. Неудопството на вечерата, мажот ми и јас го доживеавме како поттик за Светлана што побрзо да ни ја врати нацртаната маса, нашите деца како интересна промена, а таа – уживаше во лазањите велејќи дека во Љубљана најмногу ѝ недостасува кујната на мајка ѝ и мојата.

Есента и зимата ги поминавме без трпезариската маса. Дури почнавме да се навикнуваме на

ширинката во дневната соба, на празното во нашиот дом. Жолтото масло никогаш не го бевме виделе појасно, закачено на ѕидот без да му пречи ништо. Малото тркалезно килимче врз кое стоеше масата почнавме да го доживуваме како простирка за влез во сликата. Така го нарече Мирна.

Пролетта Светлана во еден мејл ни напиша дека летото најверојатно нема да доаѓа во Македонија, зашто добила некаква стипендија за летна ликовна школа не знам каде и мажот ми и јас шетајќи со децата по долгите пролетни квечерини почнавме да подгледнуваме маси во излозите на салоните за мебел. Кога речиси бевме одбрале една, се сретнавме со родителите на Светлана и тие најљубезно нѐ замолија да си ја земеме масата од кај нив.

– Мислевме дека не е готова, Светлана не...

– Па и ние мислевме така, ама неодамна ни прсна некоја цевка токму во сопчето каде што Светлана ја црташе вашата маса и, иако ни беше забранила да влегуваме таму, моравме... Тогаш видовме дека масата можете да си ја земете...

– Зошто бадијала да стои! – се вмеша мајка ѝ. – А и дома сигурно ви е тешко без маса... Навистина не знам зошто...

Се договоривме кога да појдеме кај нив, „да си поседиме во двор“, „да си поиграат децата“ и да си ја земеме масата. Изгледа дека сите чувствувавме оти не треба да ѝ кажеме на Светлана, затоа и никој од нас не го стори тоа. Мажот ми и јас бевме во постојан мејл контакт со неа, но никогаш за масата не ѝ напишавме ни „м“. Ниту таа нам.

Тоа
беше вистински затво-
рен круг на уметноста: пругорнини
и надолнини се преплетуваа исцртувајќи го
релјефот на претстојното како нешто што прилега
на жолто на начин на каков што се прилега на мама, тато
или на некој далечен предок. Срмата на болката се назираше
во минатото на боите претворајќи ги нашите заеднички детства
во пејзаж кој не ги украсува далечините, ами ја грди блискоста со
дреч. Никој не можеше да го раскаже виденото, но затоа сите пропаѓаа
во него бркајќи се со оние што биле и со оние што допрва ќе бидат тука.
Зелените детали на рабовите со кои се оградуваше бездната, ги подгазу-
ваа времињата како стари влечки заборавени пред металните влезни врати
дури и од крадците. Ги обуеш ли, Целото ти станува подалечно од бескрајот;
ги одминеш ли – приказната скриена во нив ти умира засекогаш. Во дворот на
цртежот, зад густежот од расфрлани, испокинати спомени, нацртана е клупа на
која вистински може да се седне. И да се потпре на облегалката од семоќ и да се
почувствува ножето в рака со кое се врежани сите имиња на сите клупи во сите
светови. Врежете го и Вие своето име во дрвото како што Светлана го врежува
своето во жолтото, зашто уметноста знае и да чита, а не само да крие. Црвени-
те точки што врнат како дожд врз жолтото некаде кон центарот на масата го
одмиваат впечатокот дека некој страдал додека се полнеле облаците. Одед-
наш сè станува шара што се голта со стомакот како со гладна уста, кркорат
шарените траги на премолчените зборови поразбирливи од кога било
изговорените. Боите (о)стануваат зборови ослободени од јазикот, фор-
мите – огледала на невидливото. Го погалите ли зеленото со дланка,
никнува трева сегде околу Вас. Планинските врвици немарно
обоени со кафеаво ги претвораат ливадите во зелени грутки
пејзаж разбивајќи ја нивната убавина со еден единствен
чекор. Прав, земјено зрно, ништо... голо дрво, оста-
нато ненацртано парче на масата колку да се
знае дека некои нешта се неменливи.
Дури и за уметноста.

Мажот ми и јас долго не можевме да се на-викнеме на толкава необичност во нашиот дом. Масата, поточно плочата, дрвениот круг кој беше прекрасен за сите очи на овој и не само

на овој свет, можеше да стои без ногарките. Не ѝ беше потребна никаква потпора, доволна си беше самата себеси. Ја ставате во воздухот на местото каде што сакате да си стои и таа си застанува. Туку-така. Подготвена за филџани, чинии, за домаќини и за гости подеднакво... Ногарките, излакирани и светнати, кои толку долго чекаа на својот „товар", станаа пречка во домот, та долго се двоумевме дали да ги однесеме во подрум. Ги потпикнувавме под дрвениот круг како што се потпикнуваат кутии (со непотребно купени обувки) под кревет сè додека еден ден не ни скисна имитирањето нормалност, па го сторивме она што требаше да се стори уште на почетокот: се ослободивме од „кутиите" во кои беше сместена единствено реалноста. Но, проблемите си продолжуваа: со ногарки или без нив, никој не можеше да касне ни да пивне од масата, зашто нејзините шари влегуваа во стомакот побрзо од какви било јадења или пијалаци. И, што е уште пострашно, Мирна и Војдан кога и да седнеа покрај неа, почнуваа да се бркаат низ удолниците на жолтото тркалајќи се во зелените детали на самиот раб од стварното, а мажот ми и јас ја затегавме панделката на стравот викајќи, викајќи по нив.

Решивме да ја прекриваме масата со чаршаф барем за време на ручек. Така се оневозможуваа не само жолтото и зеленото, туку и отсуството на ногарките што беше особено важно мажот ми и јас за да си продолжиме по старо.

Понекогаш се случуваше масата своеволно да си го промени местото во нашиот дом. На-

пуштајќи ја жолтата слика под која ѝ беше предодредено да стои, таа дури се местеше и во другите соби. Туку ќе ја најдевме во детската, во родителската спална, а дента кога Светлана се јави по телефон кажувајќи ни дека доаѓа за ден-два во Македонија, масата ја најдовме, замислете си, под креветот во дневната. Мажот ми и јас некако ја извлековте оттаму, но тогаш се стаписавме забележувајќи дека нашата најубаво нацртана маса на светот станала сосем обична, онаква каква што ѝ ја бевме однеле на Светлана кај нејзините. Згора на сè, ѝ беа станале неопходни и ногарките што ги бевме однеле в подрум. Панделката на стравот повторно почна да се затега околу нас, иако не ни беше сосем јасно на што се должеше тоа. Претпоставувавме, масата, мажот ми и јас, дека доаѓањето на Светлана ќе нè замеси во ново тесто со непознат вкус, затоа на два-трите дена што ја делеа Љубљана од Скопје гледавме како на јаже кое со едниот крај го врзува минатото, а со другиот – иднината. Требаше да се потегне од вистинската страна. Од која? Од која, по ѓаволите?

Ги најдовме ногарките во подрумот, ги подзабришав од прав, мажот ми ги зашрафи за масата и реалноста наполно се врати во нашиот дом. Мирна и Војдан веднаш ручаа без никаков чаршаф, а потоа јас со влажна виледа ги собрав трошките како порано.

* * *

– Баш убаво што сте си ја зеле масата – ни рече Светлана влегувајќи кај нас. – Простете, навистина не можев... Сакав, ама...

– Мислевме дека... а и... Не знам зошто... Мајка ти и татко ти исто така...

– Добро, добро, само ми беше непријатно да ви кажам дека сепак не успеав да ви ја нацртам масата, иако ви ветив. Добро сте сториле. Ме спасивте од непријатност – додаде Светлана поминувајќи со дланката по местото коешто пред да дојде беше зелено.

Тогаш, мажот ми и јас, првпат откако бевме заедно, видовме различни нешта: јас – како расте трева сегде околу нас, а тој – како останува прав на нејзината дланка.

Додека Светлана беше не само кај нас, ами воопшто во Македонија, нашата маса беше најнормална, како што си беше порано. Мажот ми и јас бевме толку збунети од целата состојба, што почнавме невообичаено да се однесуваме и со Светлана, па таа сосем различно сфаќајќи нѐ, сѐ повеќе се оддалечуваше од нас. Дури еднаш ми рече дека решила да си го продолжи животот на поинаков начин, без нас. Не го рече тоа баш така, ама мислеше точно како што ви пишувам. Ми беше многу тешко, ама сепак полесно отколку да ѝ ја раскажев целата вистина. Пред да си замине, се поздравивме, јадевме лазањи што ги приготвив специјално за неа, ама од сето тоа не остана ни ронка сеќавање. Нашата врска од детството, нејзината, на мажот ми и мојата, продолжи само во сферата на физичкото. Веројатно затоа и ми рече „до гледање“ кога си замина. Ни-

когаш повеќе не се јави по телефон, ниту, пак, прати мејл. Се гледавме единствено кога ќе дојдеше во Македонија и тоа на неколку часа.

Поминаа години и години меѓу Македонија и Словенија кои сè повеќе нè оддалечуваа и мажот ми и јас веќе се бевме навикнале на магијата на масата што Светлана ни ја беше нацртала, без да знае, со своето отсуство. Ни стана сосем нормално што масата е шарена, без ногарки и непослушна секогаш кога Светлана не е во близина. Кога и да дојдеше во нашите краишта, дури и кога не ни се јавуваше дека е тука, ние знаевме од масата: таа ги губеше шарите, затоа што беше насликана со волшебната боја на отсуството која можевме да ја видиме сите, освен неа, се разбира.

Светлана никогаш не разбра дека масата што мислеше оти не успеала да ни ја нацрта, всушност грее во нашиот дом. Мажот ми и јас решивме никогаш да не ѝ го кажеме тоа, затоа што...

Затоа што се плашиме да не ни го одземе единственото нешто што ни остана од неа – отсуството.